# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# на
# КОАЛИЦИЈАТА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
# 2021-2026 година

*13.07.2021 година*
*Скопје*

## СОДРЖИНА:

**Вовед** ........ **3**

**За Коалицијата** ........ **3**

Цели ........ 3

Организација ........ 4

**Контекст** ........ **4**

**Мисија, визија, вредности** ........ **5**

Мисија ........ 5

Визија ........ 5

Вредности ........ 5

**Стратешки цели** ........ **5**

Стратешки насоки/специфични цели ........ 6

**Спроведување на Стратешкиот план** ........ **8**

Мониторинг и евалуација ........ 8

Општествено влијание ........ 9

Резултати ........ 9

**Прилог 1: Анализа на чинители** ........ **10**

## ВОВЕД

Овој стратешки план е подготвен врз основа на согледаната потреба на членките на Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ и на Извршната канцеларија на Коалицијата.

Планот е развиен врз основа на консултативните процеси кои беа спроведувани со претставници на организации членки на Коалицијата во текот на 2020-2021г., како и лоцираните потреби од страна на Извршната канцеларија заедно со Управниот одбор на организацијата.

Стратешкиот план го подготвува Извршната канцеларија, со помош на Управниот одбор на организацијата, а истиот го усвојува Управниот одбор на Коалицијата.

## ЗА КОАЛИЦИЈАТА

Коалицијата е основана во 2003 година како здружение на граѓани Коалиција „Сите за правично судење”, со Рег.згр.бр.49/03. Согласно законските прописи Коалицијата е перерегистрирана во Централниот регистер на Република Македонија.

### Цели

Согласно основачкиот акт на Коалицијата, цели на коалицијата се:

- да придонесе кон осигурување на загарантираните права за правично судење како што е предвидено со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори
- да придонесе кон зголемување на јавната свест и кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот
- да ја посочи потребата и работа на можните реформи во судските постапки
- да ги зголемува практичните знаења на студентите на право,
- да ги намали можностите за несоодветен третман на страните во спорот од судиите и другите учесници во постапката
- да ја зајакне улогата и капацитетот на невладините организации

Членки на Коалицијата се:

- Демократска иницијатива АДИ – Гостивар
- Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА - МУЛТИКУЛТУРА – Тетово
- Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста- СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ- Скопје
- Здружение за правата на детето ЗПД – Скопје
- Здружение за правата на Ромите ЗПР – Штип
- Институт за европска политика- ЕПИ- Скопје
- Македонско здружение на млади правници-МЗМП- Скопје
- Младински културен центар - МКЦ – Битола
- Младински образовен форум - МОФ - Скопје

- Прва детска амбасада во светот Меѓаши ПДАС Меѓаши – Скопје
- Ромски едукативен центар АМБРЕЛА - РЕЦ АМБРЕЛА - Скопје
- Совет за превентива против малолетничка деликвенција - СППМД - Кавадарци
- Хуманитарно добротворно здружение на Ромите МЕСЕЧИНА - ХДЗР МЕСЕЧИНА - Гостивар

**Организација**




## КОНТЕКСТ

Стратешкиот план се донесува во услови на актуелни реформски процеси во правосудството и подготовка за отпочнување на пристапни преговори со Европската Унија со Република Северна Македонија. Периодот кој претстои подразбира сериозни предизвици за функционирањето на правосудниот систем од аспект на професионалност и независност на истиот, како и интизивирање на кривичнио правниот одговор на корупцијата и организираниот криминал во државата и регионот. Поради што, истакната е потребата од јасна визија за натамошните реформи во судството, која ќе ја споделуваат клучните чинители на сите три гранки на власта и која ќе биде широко поддржана во јавноста.

Судството, и покрај долготрајните реформи, се уште се судира со недоволна доверба од страна на граѓаните, поради што од особено значење е и се истакнува потребата од зајакнување на правната сигурност и еднаквост на граѓаните.

Процесот на пристапување во ЕУ, особено во периодот на започнување на преговорите за Република Северна Македонија, е фокусиран на прашања на владеењето на правото, со посебен фокус на Поглавјето 23 и Поглавјето 24.

Граѓанските организации кои дејствуваат во областа на правосудството и човековите права се соочуваат со недостиг на јавни податоци и недоволна транспарентност во функционирањето на институциите, но и се уште незадоволителното ниво на инклузивност во процесите на носење на регулативата и соработка од страна на институциите.

## МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

### Мисија

Следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување во настојувањето да се зголеми нивото на имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се поврати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот

### Визија

Моќна и стабилна организација, двигател и партнер на институциите на системот во настојувањето Република Северна Македонија да се издигне како земја во која целосно ќе се почитуваат човековите права и слободи, со посебен акцент на стандардите за правично судење, како елементарен услов за интегрирање во Европската Унија.

### Вредности

| Кои ги практикува и промовира Коалицијата |
|---|
| Непристрасност и независност |
| Мотивираност |
| Транспарентност |
| Законитост во работењето |
| Заемност и солидарност |
| Полова и родова еднаквост |
| Етничка рамнотежа |
| Почитување и толеранција |
| Праведност |
| Кооперативност |
| Инклузивност |
| Отчетност |
| Транспарентност |
| Еднаквост |
| Истрајност |
| Самоиницијативност |
| Креативност |
| Правичност |
| Еднаквост |
| Активизам |

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

1. *Придонес кон реформскиот процес во правосудството со цел исполнување на критериумите за пристапување во ЕУ утврдени во Поглавјата 23 и 24;*

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

2. *Унапредување на ефискасноста на институциите надлжни за гонење на организираниот криминал и корупција;*
3. *Зголемување на придонесот за остварување на правата на ранливите категории, маргинализираните групи и учесници во предмети од посебен интерес за јавноста во постапките пред државните органи;*
4. *Придонес кон зајакнување на довербата во судството;*
5. *Унапредување на системот на мониторинг вклучувајќи и проширување на опсегот на следењето на судски постапки- по области и територијално во Република Северна Македонија.*

**Стратешки насоки/специфични цели**

1. *Придонес кон реформскиот процес во правосудството со цел исполнување на критериумите за пристапување во ЕУ утврдени во Поглавјата 23 и 24;*

   1.1. Мониторинг и евалуација на судските постапки и пристапот до човекови права, со цел подобрување на реформскиот процес на правниот систем според критериумите за пристапување во ЕУ утврдени во Поглавјата 23 и 24;
   1.2. Следење на процесот на хармонизација на домашното законодавство со законодавството на ЕУ;
   1.3. Придонес во креирање на одржливи законски решенија базирани на истражувања и докази;
   1.4. Мониторинг на имплементацијата на процесните закони и меѓунардоните стандарди за фер и правично судење во судските постапки.

2. *Унапредување на ефискасноста на институциите надлжни за гонење на организираниот криминал и корупција;*

   2.1. Мониторинг и евалуација на перформансот на институциите надлжни за гонење на организираниот криминал и корупција со посебен осврт на јавното обвинителство и судовите, а со цел унапредување на борбата против организираниот криминал и корупција;
   2.2. Следење на работата на институциите надлжни за гонење на организираниот криминал и корупција;
   2.3. Следење на работата на јавното обвинителство, јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и судовите;
   2.4. Следење на примената на мерката -конфискација на нелегално стекнат имот во случаи поврзани со организиран криминал и корупција;
   2.5. Придонес и поттикнување на креативни законски решенија за социјалното реискористување на конфискуваниот имот.

3. *Зголемување на придонесот за остварување на правата на ранливите категории, маргинализираните групи и учесници во предмети од посебен интерес за јавноста во постапките пред државните органи*

   *- Ранливи категории и маргинализирани групи :*

   - *Деца*
   - *Роми*
   - *Жртви на семејно насилство*
   - *Социјални случаи*
   - *Жртви на дискриминација*

- *Лица со посебни потреби*

*-Посебно осетливи/случаи од интерес на јавноста:*

- *Висок криминал и корупција од носители на јавни функции и нивни блиски лица*
- *Организиран криминал и корупција*
- *Меѓуетнички конфликити и криминал од омраза*
- *Медиумски експонирани предмети*
- *Предмети од висок ризик за повреда на начелата на фер и правично судење*

3.1. Актуализација на проблеми во јавноста заради предизвикување општествени промени и влијанија:
  - Унапредување на јавното застапување на наодите на Коалицијата кај релевантните институции;
  - Унапредување на промовирањето на наодите и препораките на Коалицијата во јавноста.

3.2. Унапредување на јавното застапување на наоди и препораки на Коалицијата во процесот на политичко одлучување и пред меѓународната заедница;
3.3. Унапредување на соработката со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Одделението за гонење на организиран криминал и корупција при Основниот Кривичен суд Скопје и Државната комисија за спречување на корупцијата ;
3.4. Воспоставување на соработката со Државниот завод за ревизија, Комисија за заштита од дискриминација и Народниот правобранител;
3.5. Подобрување на физичкиот, финансискиот и правниот пристап до правда за граѓаните на РСМ
3.6. Развој на стратешко застапување;
3.7. Унапредување на пристапот до правда на граѓаните преку овозможување на бесплатна правна помош.

*4. Придонес кон зајакнување на довербата во судството:*

4.1. Унапредување на соработката со судските органи и професионалните судски здруженија;
4.2. Развој на дијалог со судиите и јавните обвинители, вклучувајќи информирање на судовите и обвинителствата за целите и резултатите од мониторингот и дисеминирање на предвидените препораки и заклучоци за унапредување на ефикасноста во правосудството;
4.3. Развој на простор за дијалог и јавни дебати по однос на добиените заклуоци и препораки од спроведените истражувања и анализи ;
4.4. Унапредување на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители;
4.5. Развој на форми на едукација и ширење правна култура на граѓаните;
4.6. Засилување на работата со конституентите.

*5. Унапредување на квалитетот на мониторинг на перформансот на правосудните институции*

5.1. Унапредување на методологијата и индикаторите за мерење на перформансите во кривичните и граѓански судски постапки;
5.2. Креирање на програми за тематски мониторинг на судски постапки по специфични области;
5.3. Унапредување на методологијата и индикаторите за мониторинг на работата на контролните тела во правосудството-Советот на јавни обвинители и Судскиот совет на Р.Северна Македонија;
5.4. Воспоставување на програми за мониторинг на предмети во управна постапка;

5.5. Воведување мониторинг со цел следење на имплементација на директивите на ЕУ од областа на судските постапки, во домашното законодавство;
5.6. Зголемување на опсегот и репрезентативниот примерок од мониторинг на судски предмети;
5.7. Развивање, соработка и вмрежување за мониторинг на регионално и меѓународно ниво;
5.8. Зголемување на репрезентативниот примерок на следени предмети во повисоките судови;
5.9. Континуирана едукација и зајакнување на капацитетите на тимот на Извршната канцеларија и набљудувачите на Коалицијата.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За спроведување на овој Стратешки план, неопходно е да се јакнат капацитетите на Коалицијата, во следниве насоки:

- Унапредување на фунционирањето на органите и ИК:
  - Континуирана и непречена функционалност на органите на Коалиција
  - Унапредување и меѓусебно јакнење на капацитетите помеѓу членките и ИК;
  - Користење на Коалиција „Сите за правично судење“ како платформа за меѓусебна соработка на членките, односно креирање простор за поврзување и комуникација помеѓу членките;
  - Користење на заедничките ресурси;
  - Зајакнување на одржливоста и финансиската стабилност на Коалицијата преку учество во заеднички акции и проектни идеи.
- Јакнење на капацитетите на ИК за:
  - Подготовка на анализи, истражувања и препораки;
  - Следење на судски постапки;
  - Мониторинг насочен кон оцена на хармонизацијата на домашното законодавство и негово усогласување со она на ЕУ
  - Комуникации и јавно застапување;
  - Едукација;
  - Стратешко застапување;
  - Овозможување на бесплатна правна помош;
  - Регионална и меѓународна соработка;
  - За градење на капацитетите кои работат на теми поврзани со правосудство
  - Информирање и комуникација со јавност на реми поврзани со правосудство
- Пренесување на знаењето и искуствата од мониторингот на судски постапки:
  - развој на концепт за школа за мониторинг на судски постапки;
  - развој на соработка со правните факултети во РСМ.
- Развој на соработката и вмрежување со други мрежи, платформи и коалиции, како и други граѓански организации на национално и регионално ниво.
- Развој на соработката со државни органи и меѓународни организации.

### Мониторинг и евалуација

Остварувањето на овој стратешки план ќе се следи на ниво на општествено влијание и на ниво на постигнати резултати.

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

Ќе биде изготвен посебен план за мониторинг и евалуација.

*Показатели:*

**Општествено влијание**

- Судовите ги ценат наодите и препораките на Коалицијата како корисни
    - *Над половината од консултираните судии позитивно се изјасниле за препораките на Коалицијата.*
- Надлежните органи на законодавната, судската и извршната власт ги земаат предвид наодите и препораките на Коалицијата
    - *Коалицијата е консултирана од страна на државните органи во најмалку два процеси на одлучување годишно.*
- Коалицијата го одржува и зголемува трендот на застапеност во јавноста
    - *најмалку за 10% повисока застапеност во медиумите до 2024 година (споредено со 2020 година)*
- ИК се користи како ресурс од судовите и другите институции
    - *Најмалку 5 реализирани иницијативи за соработка, споделување податоци и наоди од страна на судовите и другите институции*

**Резултати**

1. Зголемен број на мониторирани судски предмети

- *Следени се најмалку 1000 расправи годишно*
- *Следени се предмети во најмалку 10 општини, во кривична, граѓанска и управна област*

2.Спроведен мониторинг и евалуација на работата на најмалку 3 институции со надлежност за гонење на организаиран криминал и корупција (Судски совет на РСМ, Совет на јавни обвинители, ДКСК, Одделение за гонење на организиран криминал и корупција при ОКС, ОЈОГОКК, Финансиска полиција и Агенција за управување со одземен имот)

3.Зголемен процент на граѓани на кои им е овозможен пристап до правда преку обезбедена бесплатна правна помош за 10%

4.Објавени анализи, наоди и препораки

- Објавени најмалку две анализи од мониторинг годишно;
- Објавени најмалку четири документи за јавни политики годишно;
- Објавено или поднесено најмалку едно мислење годишно по однос на промена на регулативата од областа на правосудството
- Учество во најмалку две работни групи кои се однесуваат на итните реформски приоритети

5.Зголемен број на јавни дебати и консултативни средби со надлежни институции и засегнати страни во областа на правосудството

6.Спроведена најмалку една годишна медиумска кампања за зголемување на правната култура на граѓаните

7.Најмалку 1 спроведена обука на годишно ниво за јакнење на капацитетите на тимот на извршната канцеларија и набљудувачите на Коалиција.

**Прилог 1: Анализа на чинители**

| *Субјект* | *Улога (релевантна за целите и дејноста на Коалицијата)* |
|---|---|
| ГРАЃАНСКИ СЕКТОР | |
| - Мрежа 23 | - Активно учество на Коалицијата при изготвување анализи, програми и планови |
| - Платформа за борба против корупција | - Активно учество на Коалицијата во заедничко застапување |
| - Блупринт група за реформи во правосудството | - Активно учество на Коалицијата при изготвување анализи, мислења, коментари и ставови |
| - Граѓански организации со слична дејност | - Здружување, соработка и размена на искуства |
| - Граѓани | - Конституенти на членки на Коалицијата |
| - Набљудувачи | - Клучен ресурс на Коалицијата |
| - Бизнис сектор | - Алтернативни форми на финансирање и соработка на разни проекти |
| - Синдикати | - Заштита на неосновано отпуштање од работа, претежно на политичка основа<br>- Заеднички проекти |
| - Адвокатска комора | - Соработка за следење предмети |
| - Медиуми | - Информираност, транспарентност, видливост, застапеност |
| - Меѓународни граѓански организации | - Соработка за мониторинг и заедничко застапување |

| *Субјект* | *Улога (релевантна за целите и дејноста на Коалицијата)* |
|---|---|
| ЈАВЕН СЕКТОР | |
| - Судови | - соработка за следење предмети, реализација на препораки |
| - Основни јавни обвинителства | - соработка за следење предмети, реализација на препораки |
| - Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција | - соработка за следење предмети, реализација на препораки |
| - Образовни институции<br>o Универзитети | - Ширење на правна култура<br>- Соработка и регрутирање на набљудувачи |
| - Академија за судии и јавни обвинители | - соработка за следење предмети, реализација на препораки |
| - Општини | - соработка за следење предмети, реализација на препораки |
| - Извршна власт: Влада на Република Македонија<br>o министерства | - добивање информации<br>- застапување и вклучување во процесот на креирање јавни политики<br>- стручна соработка и финансирање |
| - Законодавна власт: Собрание на Република Македонија<br>o Собранииски комисии | - јавно застапување и вклучување во процесот на креирање јавни политики |
| - Народен правобранител | - Овозможување на влез, увид, посета на затвори и информации<br>- Проверка на правосилни пресуди во смисла на правично судење и информација за постигнатото со можност за инволвирање<br>- Национален превентивен механизам |
| - Државна комисија за спречување на корупција | - Соработка во следење на предмети на корупција |
| - Комисија за заштита од дискриминација | - Соработка за остварување на правата на ранливите категории |
| - Државен завод за ревизија | - Соработка за следење предмети, реализација на препораки |
| - Судски совет на РСМ | - Соработка за следење седници, реализација на препораки |
| - Совет на јавни обвинители на РСМ | - Соработка за следење седници, реализација на препораки |

| | |
|---|---|
| - Финансиска полиција | - Соработка за прибирање и обработка на информации од областа на финансискиот криминал |
| - Агенција за управување со одземен имот | - Соработка за прибирање и обработка на информации од областа на финансискиот криминал и унапредување на системот за менаџмент со одземен имот |